View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE
provided by UGD Academic Repository

# ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНА СПОРЕДБА: АМЕРИКАНСКАТА БИТ КУЛТУРА СОЦИЈАЛНО АКТИВИРАНА ОД ПОСТМОДЕРНИЗМОТ

доц. д-р Марија Емилија Кукубајска

Фросина Јованова

Апстракт

60-тите години на минатиот век во САД се забележани како почеток на лево ориентиран социо-политички и културен активизам кој понатаму субверзивно се шири и во ново книжевно движење. Со своите идеолошки слогани и противречни улични школи на мислата, движењето на бит генерацијата наводно имало за цел да воведе повисока свест за нови социјални промени во западната култура. Застапниците на бит движењето на почетокот не се наметнуваат како официјални (mainstream) влијанија, но сепак постапно го инфилтрираат својот секуларен ревизионистички однос во најширок дијапазон на социјални сфери, универзитетски кампуси, медиуми и новодопски книжевни концепти за реалноста и вистината, низ призмата на гневниот, постмодерен анархизам. Критиката била поделена во однос на бит-хипи филозофијата за промени. Дел од опозицијата остро ги бранела безбедните и здрави основи на дотогаш невиденото американско планетарно водство во просперитет (она што, всушност, постанало омразено од социјалниот активизам на битниците). Одредени академски заедници ги прогласувале припадниците на оваа генерација за антиинтелектуалци, морално и сексуално девијантни, со аспирации индуцирани од психотропски супстанци, кои вообичаено биле оправдувани од хипиците и поради нивната некогашна, предисториска, употреба. Овој критички сегмент посматра еден друг аспект од хипи идентитетот спрема кој тие се 1) антитези на ментално и емоционално стабилни и одговорни лидери за промени кои 2) одбегнуваат самоодговорност за култивирање на сопствен интегритет и идентитет во образованието, културата и општествено-економскиот систем на демократска Америка, со што си наметнуваат на себе 3) самодеструктивен животен стил и книжевна содржина, проследена со неодреденото чувство дека се дотепани (Beat) од моќта на неправедното општество кое одбива да ги следи марксистичките идеи, Мао, Хо Ши Мин, Че Гевара и други комунистички утописти, во еден свет атеистички збунет во распаѓање на моралните вредности и доблести, свет за чие влошување придонеле и битниците. Клучни зборови: бит генерација, општествено-културни промени, револт, антиинтелектуализам.

# INTERDISCIPLINARY COMPARISON: THE AMERICAN BEAT CULTURE SOCIALLY ACTIVATED BY POST-MODERNISM

Marija Emilija Kukubajska, PhD

Frosina Jovanova

Abstract

The 1960`s have been recorded as the beginning of the left socio-political culture activities that further subversively diffused a new literary movement. Under the ideological slogans and its paradoxical street schools of thought, its Beat generation movement allegedly aimed at introducing higher consciousness about new social changes in the Western culture. The Beat proponents did not impose as a mainstream influence at the beginning, yet, it gradually kept imposing its new secular, revisionist attitude towards various social strata, university campuses, the media and new-age literary concepts about reality and truth (through the scope of the angry, post-modern anarchism)... Critics were divided in terms of the Beat-Hippy philosophy for change. Some opponents were harshly defending

the safe and sound foundations of the unprecedented American championship in prosperity (which was detested by the Beat social activists). Certain academic communities declared the members of this generation as anti-intellectuals, morally, sexually, deviants, with aspirations induced by psychotropic substances, usually justified by the hippies for its preexisting prehistoric usage. This segment of the criticism considered the hippy activists as 1) antithesis of mentally and emotionally stable and responsible leaders of prosperous change that 2. avoiding self-responsibility to cultivate their own integrity and identity in the educational, cultural and socio-economic system of democratic America, thus imposed on themselves a 3. self-destructive life-style, with a vague feeling of being beaten by the power of an unjust society which refuses to follow Marxist ideas of Mao, Ho Chi Mi, Che Gevara or other communist utopians, in a world perplexed by depleting values and virtues, that they paradoxically helped deteriorate. Key words: Beat generation, social-cultural change, revolt, antiintellectualism. Во педесеттите години од 20 век во САД левичарската социо- политичка културологија субверзивно активира ново културно и книжевно движење кое наводно цели кон будење на повисока свест преку нови општествени промени во западната култура, движење дифузирано преку т.н. бит (beat) генерација. Бит генерацијата не се наметнува како мејнстрим движење, но успеа битно да го засилува новиот секуларен, ревизионистички однос кон промени во општествената и културолошка мисла. Либералниот протест против капитализмот и западното христијанско наследство во САД содржи типични елементи кои, особено по Втората светска војна, пројавуваат непомирливост кон американскиот отпор против марксистичките уредувања во советскиот блок, како и кон будењето на постколонијалната и антикомунистичка идеологија во литературата. Бит генерацијата носи сопствен влог против тој отпор, но додава и нетрпеливост кон наводниот материјализам, потрошувачка култура и општествено конзервативна стабилност на капитализмот. Конзервативната десничарска мисла се огласува против светските примери на тоталитарна тиранија, хипокризија и квази социјалната еднаквост во утопијата на комунизмот и на битниците како марксистички анархисти. Во ваков сооднос, „бит“ поети запаѓаат во сопствени противречности: бараат слобода во соц- утопистички комуни, „рај во ориентални филозофии“, мир и мудрост низ халуциногени супстанци и братство во ослободената страст кон хедонизам, бунтовно растоварени од страв, срам и казна, етички категории за кои го обвинуваа христијанството. Половина век подоцна, денес во литературата и уметноста, битниците имаат оставено незаобиколни социо-културни и книжевни траги спротивни на формализмот на модернистите од раниот 20 век (Јејтс, Елиот). Битниците компонирале/произведувале/импровизирале литература во која чувство за срам и грев го прогласувале за слабост, деструктивноста за смелост, а бизарноста, порнографијата и бруталноста во изразувањето (во лингвистички, филозофски, психолошки, уметничко-сценски, музички – џез стилови) ја кредитирале како неопходна норма(ла) на ново импровизирани, валидни иако индивидуално варијабилни, релативизирани и лично адаптирани, утилитарни (анти)вредност. Критичарите на револуционерноста во бит движењето гледаат и организирана социјално-политичка провокација која навидум е сексуално ослободувачка, но суштински е деструктивна за социјалниот конструкт (спрема концепти за цивилизациски развој од Плато, до Монтескју, Смит или Ајнштајн), па до медиумската и кибернетска моќ за анархична бунтовност кон промени: од музичко-сценски до академски и политички подиуми. (Levin, 2012) 164 Годишен зборник 2013 Yearbook 2013 Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип Faculty of Philology, Goce Delcev University – Stip Основачите на бит генерацијата се запознале и здружувале во раните 40-ти години на минатиот век, на Колумбија универзитетот во Њујорк, најчесто координирани преку поетите Џек Керуек и Ален Гинзберг. Оттогаш се формираат и дифузираат јадра на влијанија и следбеници. Некои од следбениците, иако поседувале моќ на цинизам против влијателните и академски кругови на почетокот, знаеле дека, освен нихилизмот, сепак им е потребна и образовна темелност и информираност. „Улично умување“,

револтирано напуштање на формално-образовниот систем, следење на умислени улоги на лидери „бардови“ и „гуру“ фигури импортирани од истолните филозофии во Америка, не се покажале како ефективни средства во создавање на „идеален комунизам за сите“. Слободарскиот дух на нивните дрогирани, алкохолизирани, промискуитетни, анимистички или атеистички „богови“, кои често се реплика на сепак (не)романтичните романтичари од 19 век, како „лудиот“ Перси Шели или „проколнатиот“ Бајрон, се вклучуваат во идејните модели во раниот новодопски Олимп на бит поетите. Еден од постарите претставници на бит генерацијата, поетот и издавач, уредник на City Lights, Лоренс Ферлингети, поседува типичната предиспозиција на атеистички бунтовник против фамилија, татковина и Бог. Неговиот избор на анархичност, хомосексуалност и гнев кон светот, е заснован, меѓу другото, и на неколку други социо-културни фактори. Ферлингети бил син на имигрант кој служел во војската на Америка, земја чии идеали синот поет подоцна со презир ги понижува, додека едновремено ги користи сепак светски водечките развојни привилегии на таа земја. Поетовата аверзија против стадардите и редот во тогаш, сè уште, високоорганизираната Америка, сепак, се разводнува во импровизирачкиот дух на џез ритамот. Слично како во делата на Е.Е. Камингс, стиховите на Ферлингети навидум се боемски нафрлени на страниците, но под таа неорганизираност некои критичари и психоаналитичари дијагностицираат напрегање сепак да се владее со норми на влијание врз читателите. Таа влијателност врз аудиториумот и читателите, Ферлингети се обидува да ја постигне со комбинација од хумор и темен цинизам, одлики кои и квазиинтелектуалците од бит генерацијата ги претставувале како типична интерпретација на нивната, во голема мерка, антиамериканска грижа, т.н. нова очовеченост во однос на Америка. Ферлингети, како и неговите левичарски истомисленици, биле едновремено и сведоци и учесници во почетоците на падот на американската култура. Тие деструктивно ја опеваат бедата на духот среде просперитетноста на капитализмот, додека тие, неостварени и неисполнети, гротескно грандомански се сметале себеси за авангарда во прогресивното социо- политичко и културно-книжевно менување на Америка во подобар свет, промена која сепак се покажува регресивна, камелеонска, перфидна и хипокритска тиранија во име на слободата. (Levine, 2009) Пресвртот во текот на Бит движењето го бележи објавувањето на „Крик“ од Ален Гинзберг. Преку оваа поема тој им дава глас на битниците кои апелираат на свртување и кон грдоста, и на сегашноста и на минатото, и кон оралната рецитаторска паганска традиција (како скитачките групи на средновековните музиканти), и кон одметништвото и потрагата по имиџи и идеи низ темната готика). Подземјето на Америка не е лесно ни за моќните ни за бедните (оние кои можеле да си дозволат да се облекуваат само преку „Армијата на спасот“ каде што се купуваат износени облеки донирани за помалку привилегираните или бездомниците зависни од дрога, како во случајот на Гинзберг). „Крикот“ од суб-културното подземје не ги остава рамнодушни ни аутсајдерите во американското општество, ни останатите. Во Гинзберговиот светоглед се отсликува и синдромот на страдање, резигнација и револт, преостанати во неговата генеалогија на Евреин кој не верува во Бог, туку во слободарската моќ на дрогата, сексот, хомосексуалноста, криминалното но за него оправдано револтирано однесување како несреќната индивидуа, жртва на американската незадоволна (неуспешна) маса која најчесто одбива да ги признае самоуништувачки инстинкти на зависниците (вклучувајќи ги и зависниците од државата, од големата централа за државна помош, „мајка на општеството - социјалната држава“, од која зависат 48 милиони денес, во 2013 година. Живеејќи со ментално болна мајка и со татко кој диктаторски наметнува строгост за да надомести за изместената, нестабилна средина без традиционално морални фамилијарни вредности, Гинзберг еволуира во емотивно лабилен адолесцент и конечно ги поместува своите етички вредности во антиконзервативни и отворено хомосексуални (засилен со својот поет-партнер Питер Орловски). Иако таткото го вовел синот Ален Гинзберг во светот на поезијата, во кој се придружил и Вилијам Бороус, Гинзберг засекогаш

останал неорганизиран бунтовник во поезијата како и во животот, иако Крикот и денес се одгласува со своите обиди за луцидна критика против општеството. Идеите на постмодернизмот си наоѓале природен хабитат во хаотичниот свет на Гинзберг исполнет со бес против системот и нормите за дисциплиниран интелектуален и емотивен развој. Потрагата по мир и среќа, pursuit of happiness (типична и суштинска и во американскиот Устав кој либерална Америка се стреми да го укине или радикално да го промени), Бит генерацијата подоцна ја интерпретира и како покорно, пасивно, кукавичко помирување и продавање на револуционерниот дух. Тоа го чини кога, парадоксално, битниците бегаат од Америка за да бараат мир и среќа по Хималаите и кај домородците од разни меридијани. Ваквиот ескапистички револт за бит генерацијата и нео- марксистичките псевдоидеали на постмодернизмот, биле шокантни за просперитетните економски, образовни, научни и културолошки напредни педесетти години на 20 век. Сепак, Гинзберг и неговата генерација биле инструирани да станат пионери-агенси за промени или морфирање на промени какви денес Америка конечно воспоставува како мејнстим радикална опозиција. Оваа опозиција е веќе во позиција, владее со земјата, и веќе инсталира своевидно нови хипи-бит, новодопски, мултикултурни трансформации кои им опонираат на наследените, традиционални вредности на западната, пред сè, евроамериканска „цивилизација“. Воспалителните бит коктели од инспирација, десперација, индоктринација и политизација, ги имаат запоено бит поетите со зависност од инстинктите за „промени“ до таа мерка што од денешна аналитичка перспектива, се чини дека бит диоптријата недоволно свесно го „употребувала“ и Волт Витман како нивни модел, иако Витман е суштинска антитеза на битниците. Витман ја воспева Америка и нејзиниот шампионски дух на најхумана, најуспешна земја на светот во 19 век, додека Бит поетите ја плукаат, псујат и уринираат врз нејзиното знаме и значење. Славењето на природата кај Витман е здраво и чисто, органско, додека кај постмодерните Бит поети е баханално и банално, боемско, поетски разбојничко, еден вид спиритуалистичка конкокција од верување во сè што во суштина им ја попречува слободата кон зачеток на „новиот светски поредок“ на кој и сами не знаат дека се заморчиња. Од зелена, битничка Америка преминува во полузрела за оттаму во подоцнежниот период, преку поезијата на Гинзберг (колку и да останува бизарна и шокантна), Америка доживува привидно заморена бунтовност, која делумно ја намалува потребата да се објаснува себеси, да го менува, менторира, инструира и префабрикува светот во нов калап. Сепак, синдромот на бит генерацијата продолжува да се модифицира. Иако не признава дека не успева со својот прототип на социокултурната констрикција, бит-хипи движењето и служи на аморфната, типично атипична, деконструктивна и деструктивна интерпретација на светот, на постмодерната хипокризија и лудување за промена на светот и човекот по мерка на релативистички, индивидуализиран хаосот во психата и во општеството. Меѓу нив се наоѓале и фоливанти од форматите на „гуру“ лидерите кои ги запоседнувале дрогираните паркови и универзитетски кампуси на слободата на Америка и кои изведувале наводно инспиративни експерименти (како професори и студенти од типот на Тимоти Лири и неговиот LSD илуминаор на интелигенцијата). Сепак, да се помага на другите не била силна страна на хуманитарните пораки во бит поезијата, бидејќи таа и самата духовно не можела да си додаде енергија на сопствените надежи во подобра иднина. Критиките за идеите, изгледот и поведението на бит генерацијата доаѓале од повеќе сфери на општеството. Одредени академски заедници ги прогласиле битниците за акултурни антиинтелектуалци, сексуални девијантни со инспирации индуцирани од штетни психотропни супстанци - дрога (оправдувана од битниците со нејзината предисториска племенска употреба), сметајќи ги бит поетите за антитеза на спиритуални и емотивни лидери на „новото доба“. Одредени политичари продолжиле да ја оценуваат нивната анархистичка идеологија како комунистичка и антихристијанска закана за националната безбедност. И тајна, но и нескриена била битничката критика против општеството, одбегнување

да се вклучат во реално, практично менување на светот и градење на сопствениот идентитет и интегритет во образовно-културниот и социо-економски систем на демократска Америка. Бит генерацијата во американската поезија одбегнува да ја деконтаминира сопствената самоуништувачка пермисивност да се чувствува „дотепан“ од моќта на „судбината“ на светот во кој, секогаш по туѓа вина, не успеваат да се интегрираат, но сепак фундаментално носат радикално либерален пресврт во Америка, дури и во нејзините најпрестижни универзитети, култиватори на свест (како Харвард). (Kullberg, 1996) Бит генерацијата остварува влијателност и социјален активизам во слоевите на незадоволното американско општество и со тоа што, како со „Крик“ на Гинзберг, она што важело за неприфатливо во општеството и во литературниот израз, уште поагресивно се бори да ја либерализира левичарската цензура. Едновремено, бит поетите и нивното артистичко поклонение на новиот спиритуализам, на духовите во дрвјата и животните, одново парадоксално бива употребено од политиката за човековата околина, од екологијата како грижа за природата и како ново усовршено идејно оружје на „зелените“ против капитализмот на Америка, а во прилог на старо „црвените“. Додека во Кина се води Црвената револуција, во САД, пред сè на „Левиот брег“, во Сан Франциско, Бит генерацијата води сопствена културната револуција во книжевната уметност, која од 2006 година доживува нов процут преку своите оживеани нео-либерални клонови. Поетската порака во „Крик“ е очајна елегија и тешка, лоша визија на индивидуата за себе и за нејзината „изгубена“ генерација, за скриено посакуваниот распад на Америка иако за оплакуваниот сопствен неуспех. Од очајот по Втората светска војна, до автобиографските борби со сопствената личност, растргната меѓу духовната беда пред сè во 60-тите години, бегството во droги и отпор против позитивно менување на себеси и на општествените стандарди, принципи, морални и културолошки норми (кои претставуваат рестрикција за битникот Гинзверг наоѓа мрежа на концепти и методи во своето „движење“ со светот на книжевниците, свет во кој модерното и постмодерно незадоволство со реалноста и наводната „невистинитост“ на реалноста, на Бог (кого тие продолжиле да го „убиваат“). Преку ликот на Молок, Бог пред кој се жртвуваат децата, Гинзберг, по формулата на постмодерните импровизатори на нова реалност, си ги објаснува причините за неговото фрустрирачко и парализирачко нефункционирањето во општеството. Го обвинува материјализмот, експлоатацијата, технологијата, владината бирократија, конформизмот и сè што ја правело Америка некогаш најурамнотежена, најуспешна демократија на сите времиња. Според постмодерната варијанта на бит генерацијата, Молок ја персонифицира негативноста во моќта на Америка која, според неговата марксистичка критика го уништува најдоброто во човековата природа и создава страв и сомнеж кај оние кои не го следат системот. Притоа, Битниците одбиваат да прават споредби со монструозното лице на комунистичкото општество на правда и еднаквост за кое пишува и предупредува Џорџ Орвел и останатите реалисти и визионери. Иако во третиот дел од „Крик“ Гинзберг се обидува да еквилибрира меѓу очајот и раздорот, отсуството на неговата вера во Бог, и неговата разнишана, нарушена доверба во човекот и општеството, доаѓаат во колизија со иницијативите на неговата „дотепана“ душа да се радува на препород. Наспроти христијанската филозофија на љубов и помирување, Гинзберг доминантно се приклонува на ориентални филозофии чија пермисивност му дозволува грешење без чувство на вина и верување во можности за некои идни реинкарнирање, каде што ќе помине без казна за какво било злосторство со валкана с(о)вест. Америка е повредена и само со љубов, разбирање и заедничка и индивидуална работа сè може да се промени на подобро – е заклучок кој повеќето постмодернисти не се во состојба да го искажат, но таа надежност за заедништво и интегритет во дивергентноста на Америка, се случува, макар и за кус, и можеби халуцинаторски, период, со бунтовникот Гинзберг. Тој ја завршува поемата „Крик“ со жалење што повеќе ништо на овој свет не е свето, иако, одново парадоксално, тој и неговата бит генерација на постмодерно хаотични анархисти се токму тие агенти и агенси за убивање и

притоа исмевање на Бог, за цинизам кон човекот, за иронија кон нормалното и за одржливо повикување на духови од мистични филозофии, со инкантации и суфизми за нови вистини и нов поредок. „... зашто единствените вистински луѓе за мене се лудаците, оние кои се доволно луди да живеат, луди да зборуваат, луди да бидат спасени, желни за сè едновремено, оние кои никогаш не зеваат ниту кажуваат општи нешта, туку горат, горат, горат како спектакуларна огнометна ракета која експлодира налик на пајажина од ѕвездите, а во средината и се гледа татнежот на сината светлина, та човек мора да каже.. Ауууу!“ (Џек Керуек, На пат, превод: Фросина Јованова) Извадокот е од делото на уште еден претставник од бит генерацијата на постмодернизмот, Џек Керуек, новелата На пат, прогласена, одново парадоксално, за една од стоте најдобри книги на 20 век. Причините за бунтовност кај Керуек се присутни и денес, колку во САД, толку повеќе во ЕУ, каде што невработеноста се движи од 25 до 45% кај младите, а сепак стабилноста и мирот се фактор кој сè уште се „одржува“ дури и од страна на екстремно загрозените интелектуалци или работничка или „безработничка“ класа. Керуек е роден во град познат по невработеноста и бедата во тој период, Ловел, Масачусетс. Тој, наспроти Гинзберг, го започнува својот детски и младински живот во ментално и морално постабилно семејство. Меѓутоа, факторот (не)здрава фамилија и (не) стабилно општествено опкружување и од него формираат стереотип на постмодерен бит профил со нестабилна психа, бегање од стварноста и барање лек во болестите од адиктивна природа: боемски стрес во однос кон себе и кон другиот. Ниту религиозниот однос како посттрауматска терапија во неговото семејство кое го загубило другото дете, брат на Џек, не бил цврста подлога во духовниот систем на овој поет „заразен“ од лудилото, хаотичноста и анархизмот на постмодерните битници како Керуек. Неговиот родител пропаднал во алкохол, безработица и беспарица, но ако Џек Керуек имал доволна верба и морална сила за опстанок, како посветениот и успешен протагонистот во делото „Моби Дик“, тој немало да ја доживее американската верзија на егзистенцијален и писателски апсурд зачнат кај француските социјалистички нихилисти и дезилузионисти. Дури ни прагматичната кариера на фудбалер и самообразование во слободното време, ниту фудбалската стипендија на Колумбија колеџот во Њујорк, не биле доволни да ја закрепнат и ослободат психата на Керуек и неговата страст кон стилот на бит генерацијата: барање на инспирација низ лутање по светот, незаситно бегање од себе и другите, самоизмама за учење низ патување и боемски задоволства. За бит генерацијата, како и за повеќето постмодерни „интелектуалци“, знаењето стекнувано преку систематско и сериозно образование е предмет на потсмевање. Оттаму, како своевидна „здрава“ реакција на бит поетите и Керуек бесцелното талкал низ животот додека се убедувал дека патува кон повисока внатрешна „просветленост и сложени интерпетации на светот и човекот“, кон своеволно приклучување на терапија против „оковите на општеството“. Дошло време кога Керуек сериозно започнал да се занимава со пишување, кога се соочил со проблемите кои ги преживувале и Ален Гинзберг и Вилијам Бороус. Од нив Керуек подоцна извлекува суштински заклучоци за спасување од провалијата на безнадежноста која вирулентно ја зафатила „изгубената“ генерација на битниците и нивната варијанта на послаби, духовно помизерни следбеници: субкултурните хипи отпадници од социопатските и психопатски елементи во американската култура, чии клонови за половина век, одново парадоксално, исто така мутираа во мејнстрим идеи и идеологии денес. Во прозата На пат Керуек раскажува за нескротливиот и луд Дин Моријарти кој, откако бил отпуштен од поправен дом во Њујорк, се запознал со Сал Парадајс и неговата група пријатели кои многу бргу го прифатиле во својот мал круг на само-задоволни интелектуалци. Сал бил воодушевен од Дин, од неговите погледи кон животот и неговата храброст да замине и без скршена пара да го „прошета“ светот. Инспириран од хаотичната енергија на неговиот нов пријател, а делумно и поради писателската блокада со која се соочувал, Сал одлучил да тргне на пат кон Денвер. Во деновите поминати по суровите патишта, до конечната средба во Денвер, лудите ноќи, девојките, алкохолот, дрогата, другарите,

меѓу кои и Карло Маркс, и секако „сиот тој џез“, па сè до сончевата Калифорнија, за повторно да се почувствува дека се вратил на главните патишта, оваа книга е уште еден стереотип за постмодерната бит дијагноза на драматично-авантуристичко, опсесивно-компулсивно лудо возење и дезориентирано талкање на незадоволните, неостварени учесници во американскиот сон. Бунтовници без причина ѝ се познати на историјата на литературите по сите патишта на културите на светот. Но битно за бит генерацијата во друштво на американскиот постмодерен книжевен наратив е ненаоѓањето, губењето, отфрленоста по правливите патишта на Раут 66 или на кој друг било број на споредни патишта на САД. Загрижувачка во општествено- културната анализа на битието на човекот и писателот во 60-тите години и подоцна кај пост-постмодерните „мислители“ е состојбата на свеста кога смислата на постоењето се губи во американско странствување на француски начин, како кај „Странецот“ на Ками, губење по нетипични, нејасни за изгубената психа, привидни или со денешен лексикон, „виртуелни“ светови на искривена слика на духот. „Кога се разбудив сонцето веќе беше зацрвенето и тоа беше еден исклучителен миг во мојот живот, најчуден момент од сите, кога не знаев кој сум – бев далеку од дома, проколнат и уморен од патот, во евтина хотелска соба каква што никогаш не бев видел, слушајќи го 171 Годишен зборник 2013 Yearbook 2013 Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип Faculty of Philology, Goce Delcev University – Stip шуштежот на пареата однадвор и чкрипењето на старата хотелска дрвенарија, и чекорите одозгора и сите тажни звуци, и гледав немо во високиот напукнат таван и тие петнаесетина чудни секунди навистина не знаев кој сум. Не бев уплашен, бев едноставно некој друг, некој странец а целиот мој живот беше проколнат живот, живот на дух“. (На пат, Керуек, превод: Ф. Јованова) Како што Гинзберг барал прочистување на заматената имагинација преку индиски и хималајски духовни водачи, но тешко успевал во тоа, и Џек Керуек побарал поедноставена, концизна, реална, јасна мисла – и преку јапонскиот хаику израз. Читателот на 21 век можеби ќе препознае дел од трајно одржливата смисла во талентот на Керуек и преку овие негови стихови. Џек Керуек (хаику строфи) – Шутирајќи ја промашувам вратата на фрижидерот која сепак се затвори. – Самрак. Претемно да се прочита страницата, престудено. – Сомот се бори за живот и победува, испрскувајќи нè сите. – И денес нема телеграма, само повеќе паднати лисја. – Во шкафот за прва помош зимска мува умрена од старост.

Библиографија: •

Burroughs, W, (1992) Naked Lunch. New York, USA: Grove Press • Ferlinghetti, L, (2007)

Poetry as Insurgent Art. New York, USA: New Directions Publishing Corporation • Ferlinghetti, L, (2008)

A Coney Island of the Mind. New York, USA: New Directions Publishing Corporation • Ferlinghetti. L, (2004)

Americus, Book 1. New York, USA: New Directions Publishing Corporation • Ginsberg, A, (2009) Howl, Kaddish and Other Poems. London, England: Penguin Group • Kerouac, J, (2007)

Road Novels 1957-1960: On the Road, The Dharma Bums, The Subterraneans, Tristessa, Lonesome Traveler, Journal Selections. New York, USA: Literary Classics of the United States Inc. • Kullberg Monroe, Kelly, Finding God at Harvard, InterVarsity Press, Downers Grove, IL, USA • Levine, Mark, (2012)

Ameritopia: The Unmaking of America, Threshold editions, Simon and Shuster, NY, USA • Levine, Mark, (2009)

Liberty and Tyranny, Threshold editions, Simon and Shuster, NY, USA • Whitman. W, (1982) Poetry and Prose. New York, USA: The Library of America